# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Сабота, 6 ноември 1982
Скопје
Број 42 Год. XXXVIII

Претплатата за 1982 година изнесува 900 динари. Овој број чини 20 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**585.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДОХОДОТ ШТО Е РЕЗУЛТАТ НА ИСКЛУЧИТЕЛНИ ПОГОДНОСТИ НА ПАЗАРОТ ВО ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ОД ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВОТО**

Се прогласува Законот за издвојување на дел од доходот што е резултат на исклучителни погодности на пазарот во основните организации на здружениот труд од електростопанството,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 октомври 1982 година.

Бр. 08-2603
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ангел Чемерски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

### ЗАКОН

**ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДОХОДОТ ШТО Е РЕЗУЛТАТ НА ИСКЛУЧИТЕЛНИ ПОГОДНОСТИ НА ПАЗАРОТ ВО ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ОД ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВОТО**

Член 1

Организациите на здружениот труд од областа на електростопанството издвојуваат дел од доходот што е резултат на исклучителни погодности на пазарот.

Средствата од став 1 на овој член се користат за развој на материјалната основа на здружениот труд во Републиката.

Член 2

Делот од доходот што се издвојува според член 1 на овој закон го сочинуваат средствата добиени како резултат на разликата помеѓу цената на чинењето и продажната цена на електричната енергија, утврдени со тарифниот систем и тарифните ставови.

Цената на чинењето од став 1 на овој член ја утврдува Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија (во натамошниот текст: Заедница).

Член 3

Делот од доходот утврден според член 2 од овој закон не претставува основица за пресметување и плаќање на даноци, придонеси и други давачки, според прописите за утврдување и распоредување на вкупниот приход и доход.

Член 4

Средствата од член 2 на овој закон се уплатуваат на посебна сметка на Заедницата најдоцна до 25-ти во месецот за претходниот месец.

За користење на средствата од став 1 на овој член одлучува Заедницата во согласност со Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 5

Републичкиот секретар за финансии по потреба донесува поблиски прописи за начинот на пресметување и уплатување на средствата од член 2 на овој закон.

Член 6

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Службата на општественото книговодство.

Член 7

Со парична казна од 10.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружениот труд ако не го издвои и уплати делот од доходот од член 4 став 1 на овој закон.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице со парична казна од 5.000 до 10.000 динари.

Член 8

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**586.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВОТО**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за електростопанството,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 октомври 1982 година.

Бр. 08-2604
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ангел Чемерски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВОТО

Член 1

Во Законот за електростопанството („Службен весник на СРМ", бр. 10/78) по член 28 се додава нов член 28-а, кој гласи:

„Член 28-а

Републичката заедница донесува планови и програми за развој, ја утврдува и остварува политиката и мерките за тековно работење на организациите на здружениот труд од областа на електростопанството и во неа се обезбедуваат средства за нивна реализација."

Член 2

Во член 31 став 2 по зборот „статутот" се додаваат зборовите: „и на плановите и програмите за развој".

Член 3

По член 50 се додава нов член 50-а, кој гласи:

„Член 50-а

Обврските на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации и заедници според член 28-а на овој закон за обезбедување средства за тековно работење на организациите на здружениот труд од областа на електростопанството, се пресметуваат и уплатуваат и од доходот остварен во 1982 година."

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**587.**

Врз основа на точка 1 став 1 на амандманот VI од Уставот на СРМ и член 162 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ", бр. 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 октомври 1982 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНИ ВРСКИ СО СТРАНСТВО

I

Се разрешуваат од должноста членови на Републичката комисија за културни врски со странство, поради истек на времето за кое се именувани:

Славка Георгиева — Андреевиќ,
Драган Бојаџиев,
дипл. инж. арх. Драган Бошњаковски,
Димитрије Бужаровски,
Дарко Дамески,
д-р Бранко Зеленковски,
Никола Златевски,
Емин Иљами,
Васил Костојчиновски,
Ангел Костадинов,
Томе Момировски,
д-р Манол Пандевски
Бранко Пендовски,
Владо Поповски,
проф. д-р Томе Саздов,
д-р Луан Старова,
Круме Томовски и
Иван Тошевски.

II

За членови на Републичката комисија за културни врски со странство се именуваат:

Ванчо Андонов, директор на Уредот за документација на Извршниот совет на Собранието на СРМ,

д-р Никола Бошале, секретар на Републичката заедница на научните дејности,

Живко Василевски, член на Претседателството на РК на ССРНМ,

Видое Видичевски, директор на Домот на културата „Глигор Прличев" — Охрид,

проф. д-р Љупка Хаџи Ристова, проректор на Универзитетот „Кирил и Методиј" — Скопје,

д-р Асен Групче, претседател на Културно-просветната заедница на Македонија,

Илхами Емин, член на Претседателството на ПЕН клубот — Скопје,

Бранко Илиоски, уредник на Радио Прилеп, вработен во Центарот за печат и радио — Прилеп,

м-р Љубомир Јакимовски, директор на Телевизија — Скопје,

Славко Јаневски, писател,

Благоја Корубин, научен советник, раководител на Одделението за современ јазик,

Васко Теговски, секретар на Советот на ССМ,

Живко Чинго, директор на Македонскиот народен театар,

Борислав Наумовски, секретар на Републичката заедница на културата,

Божин Павловски, директор на Издавачката работна организација „Мисла" — Скопје,

Тосум Пахуми, помошник на републичкиот секретар за народна одбрана,

д-р Благој Попов, потпретседател на МАНУ,

Предраг Пенушлиски, претседател на Градскиот комитет за образование, култура и физичка култура на Собранието на град Скопје,

Боге Сотировски, претседател на Матицата на иселениците на Македонија и

Ристо Таневски, в.д. директор на Народниот музеј во Струга.

Бр. 08-2569
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски**, с. р.

---

**588.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ", бр. 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 октомври 1982 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО БИТОЛА

За претседател на Окружниот суд во Битола се избира Александар Ѓорѓи Талески, претседател на Општинскиот суд во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2572
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски**, с. р.

**589.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“, бр. 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО ШТИП

Се разрешува од должноста судија на Окружниот суд во Штип Александар Поповски, поради заминување на нова должност.

За судија на Окружниот суд во Штип се избира Киро Санде Бојаџиски, судија на Општинскиот суд во Штип.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2573
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

---

**590.**

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“, бр. 10/76, 30/77 и 6/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ОКРУЖНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО СКОПЈЕ

За заменик на окружниот јавен обвинител во Скопје се именува Методи Петров, заменик на окружниот јавен обвинител во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2574
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

---

**591.**

Врз основа на член 61 став 3 од Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 36/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВИЦЕГУВЕРНЕР НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

За вицегувернер на Народната банка на Македонија се именува м-р Борко Методи Станоевски, директор на Дирекцијата за монетарна анализа во Народната банка на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2571
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

**592.**

Врз основа на член 178 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“, бр. 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За републички советник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува д-р Драган Шојлевски.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2576
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

---

**593.**

Врз основа на член 178 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“, бр. 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува републичкиот советник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија Васил Мисајловски, поради исполнување услови за пензија.

Разрешувањето се врши со важност од 1 декември 1982 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2575
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

---

**594.**

Врз основа на член 40 од Законот за Службата на општественото книговодство во СР Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 44/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО ВО СР МАКЕДОНИЈА

За заменик на генералниот директор на Службата на општественото книговодство во СР Македонија се именува Драгољуб Пејовски, заменик генерален директор на Службата на општественото книговодство во СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2570
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ.
**Бошко Станковски,** с. р.

595.

Врз основа на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на организација за приредување игри на среќа („Службен весник на СРМ", бр. 26/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ВО СОВЕТОТ ЗА ЛОТАРИЈА

Се разрешуваат претставниците на Собранието на СРМ во Советот за лотарија, поради истекот на времето за кое се именувани:

— Ванчо Унковски,
— Негре Новаковски и
— Трајко Кецкаровски.

За претставници на Собранието на СРМ во Советот за лотарија се именуваат:

— Ангеле Божиновски, функционер што ја продолжува работата во Собранието на СР Македонија,

— Трајко Кецкаровски, секретар на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на СРМ (повторно) и

— Живко Трајковски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2582
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

596.

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ", бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО КОНКУРСНИТЕ КОМИСИИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН И ПРОДЕКАН НА ВИСОКООБРАЗОВНИ ОРГАНИЗАЦИИ

За претставници на општествената заедница во конкурсната комисија за изготвување предлог за избор на декан, продекан и директор се именуваат:

На Факултетот за физичка култура во Скопје:

— Страте Арсовски, генерален директор на Скопскиот саем и

— Заре Лазаревски, заменик на јавниот обвинител на Македонија.

На Институтот за економика и организација на земјоделството:

— Круме Вукадиновски, извршен секретар на Претседателството на Општинскиот комитет на СКМ на општина Гази Баба — Скопје и

— Павле Георгиевски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2587
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

597.

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование и член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ", бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ ИНСТИТУТИ ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет во Скопје, поради истекот на времето за кое се именувани:

— Борис Гичев,
— Љупчо Исјановски и
— Шуко Авдовиќ.

За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет во Скопје се именуваат:

— Светозар Кузмановски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, директор на ООЗТ „Болница" при Медицинскиот центар во Прилеп,

— Борка Кишманова, член на Извршниот совет и претседател на Комитетот за здравство и социјална политика на Собранието на општина Центар — Скопје и

— Спасе Куљан, потсекретар на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2585
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**598.**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за заштита на националните паркови („Службен весник на СРМ", бр. 33/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОБИРОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ НА ОЗТ НАЦИОНАЛЕН ПАРК „ГАЛИЧИЦА" — ОХРИД ЗА ИМЕНУВАЊЕ УПРАВНИК НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК „ГАЛИЧИЦА" — ОХРИД

Се дава согласност на Одлуката на Собирот на работните луѓе на ОЗТ Национален парк „Галичица" — Охрид, со која за управник на Националниот парк „Галичица" се именува инж. Владимир Бојаџиев, досегашен управник на Националниот парк.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2588
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**599.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование и член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ", бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ЦЕНТАР ЗА МАТЕМАТИЧКО-ТЕХНИЧКИ НАУКИ И ВО СОВЕТИТЕ НА ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЦЕНТАРОТ

I

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница поради истекот на времето за кое се именувани во:

Советот на Универзитетскиот центар за математичко-технички науки:
— Драган Аврамовски,
— Александар Ефтимовски,
— Здравко Зајков,
— Арсо Куновски,
— Зурат Лимани,
— Благоја Николовски,
— Стоилко Пејчиновски,
— Петар Трајков и
— Магдалена Шарламанова.

Советот на ООЗТ — Архитектонски факултет:
— Мите Ристевски и
— Исо Мартиновски.

Советот на ООЗТ — Градежен факултет:
— Александар Босотов,
— Димитар Бендевски и
— Спасе Јосковски.

Советот на ООЗТ — Електротехнички факултет:
— Благоја Essay Ончевски.

Советот на ООЗТ — Машински факултет:
— инж. Трајче Чекаров.

Советот на ООЗТ — Математички факултет:
— Христо Христов и
— Глигор Тренчевски.

Советот на ООЗТ — Технолошки факултет:
— Слободанка Ханџиска,
— Вера Лазарева и
— Андреја Стојанов.

Советот на ООЗТ — Металургија и рударство:
— инж. Трајче Босилков,
— инж. Јован Србиновски и
— инж. Јово Тасевски.

Советот на ООЗТ — Факултет за физика:
— инж. Јордан Петровски.

Советот на ООЗТ — Хемиски факултет:
— Трајче Бојаџиев,
— Љубе Киковски,
— Масим Александар,
— Верица Станчева и
— Лилјана Маркова.

Советот на ООЗТ — Институт за земјотресно инженерство:
— Тихомир Арсовски.

II

За претставници на општествената заедница се именуваат во:

Советот на Универзитетскиот центар за математичко-технички науки:

— Никола Јорданов, директор на Републичкиот хидрометеоролошки завод,

— Петар Миновски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија, раководител на инвестиции и развој во „Електро-Македонија" ООЗТ Кичево,

— Роберт Ансаров, советник во Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето,

— Живко Наумовски, советник во Републичкиот завод за вработување,

— Ратко Трајковски, машински инженер, вработен во Стопанска комора на Македонија,

— Петар Илиевски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СР Македонија, директор на ЕМУЦ — Скопје,

— Ристо Жупановски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на општина Кисела Вода — Скопје, професор во УЦЗ „Димитар Влахов" во Скопје,

— Славка Влашка, професор по математика во Гимназијата „Никола Карев" во Скопје и

— Исмаилаки Кајин, дипломиран машински инженер, вработен во Металски завод „Тито" во Скопје.

Советот на ООЗТ — Архитектонски факултет:
— Иванка Стојановска, дипл. инж. арх., вработена во Самоуправната интересна заедница за домување на град Скопје и
— Илија Карески, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, вработен во ГРО „Техника" — Прилеп.

Советот на ООЗТ — Градежен факултет:
— Олга Лазаровска, дипл. град. инж., вработена во Институтот за студии и проектирање во ГРО „Бетон" — Скопје,
— Неде Таневски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ и
— Димитар Јуруковски, дипл. град. инж., вработен во Институтот за земјотресно инженерство.

Советот на ООЗТ — Електротехнички факултет:

— Леонид Ловач, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на општина Карпош — Скопје, вработен во Радио-телевизија Скопје — ООЗТ Предаватели и врски.

Советот на ООЗТ — Машински факултет:

— Александар Цибрев, дипл. машин. инж., вработен во ФАС „11 Октомври" — Скопје.

Советот на ООЗТ — Математички факултет:

— Ружа Бидикова, директор на гимназијата „Георги Димитров" во Скопје и

— Бранислав Србиновски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на град Скопје, вработен во „Народна техника" — Скопје.

Советот на ООЗТ — Технолошки факултет:

— Ристо Панов, дипл. инж. технолог, вработен во ОХИС — Скопје,

— Венцеслав Ѓаќев, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, дипл. инж. технолог, вработен во „Жито-лукс" Скопје и

— Христина Арсова, дипл. инж. технолог, самостоен стручен истражувач во „Алкалоид" — Скопје.

Советот на ООЗТ — Металургија и рударство:

— Тодор Барзов, дипл. инж. металург, вработен во Металски завод „Тито" — ООЗТ Ливница,

— Петар Пековски, рударски инженер, вработен во Геолошки завод — Скопје и

— Драгиша Божиновски, помошник генерален директор на Фабриката за заварени цевки „11 Октомври" во Куманово.

Советот на ООЗТ — Факултет за физика:

— Никола Антовски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, инженер во ФАС „11 Октомври" — Скопје.

Советот на ООЗТ — Хемиски факултет:

— Марија Илиќ, професор по хемија во Хемискиот училишен центар „Марија Кири Склодовска" во Скопје,

— Лазар Мирчев, директор на ООЗТ „Бовил", ОХИС — Скопје,

— Снежана Тодорова, дипл. технолог, вработена во Фабриката за чоколада, вафли и бонбони „Европа" во Скопје,

— Рамазан Пахуми, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, директор на Индустријата за теписи „Новост" во Дебар и

— Тодоровиќ Воислав, технолог во „Тетекс" — Тетово, ООЗТ „Преѓа и волница".

Советот на ООЗТ Институт за земјотресно инженерство:

— Стефан Крстевски, дипл. градежен инженер во ГРО „Пелагонија" — V градилиште.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2578
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**600.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование и член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ", бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ЦЕНТАР ЗА БИОЛОШКИ И БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Универзитетскиот центар за биолошки и биотехнички науки во Скопје, поради истекот на времето за кое се именувани:

— Трајче Костовски и

— д-р Јорданка Хаџиште.

За претставници на општествената заедница во Советот на Универзитетскиот центар за биолошки и биотехнички науки во Скопје се именуваат:

— Рада Бражанска, професор по биологија во Гимназијата „Никола Карев" во Скопје и

— Жанета Бранова, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на општина Гази Баба, вработена во „Алкалоид" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2584
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**601.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование и член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ", бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО ВО СКОПЈЕ

Се разрешува претставникот на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институт за сточарство во Скопје, поради истекот на времето за кое е именувана

Мира Митревска.

За претставник на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институт за сточарство во Скопје, се именува

Бранко Шумански, делегат во Општественополитичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2583
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**602.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование и член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ", бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, поради истекот на времето за кое се именувани и тоа:

— Боро Митриќески,
— Мемед Нурединоски и
— Љупка Дамјановска.

За претставници на општествената заедница во Советот на Факултетот за ликовна уметност во Скопје се именуваат:

Бошко Ивановски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на општината „Карпош" — Скопје, раководител на Центарот за ликовно творештво — Скопје,

Павел Манев, судија на Врховниот суд на Македонија и

Киро Кузмановски, професор по ликовна уметност во Гимназијата „Никола Карев" во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2580
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**603.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование и член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ", бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА И ДРАМСКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешува претставникот на општествената заедница во Советот на Факултетот за музичка и драмска уметност

Слободан Унковски, поради истекот на времето за кое е именуван.

За претставник на општествената заедница во Советот на Факултетот за музичка и драмска уметност се именува

Благоја Чонев, судија на Врховниот суд на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2581
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**604.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование и член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ", бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СОБРАНИЕ И УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СОВЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

I

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Универзитетското собрание и Универзитетскиот совет на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје, поради истек на мандатот:

д-р Александар Донев,
Асан Ќерим,
Будимка Романо,
д-р Димитар Котевски,
Диме Милков,
Димитар Кузмановски,
Васко Поповски,
Иљами Емин,
м-р Методи Петровски,
д-р Јанко Обочки,
инж. Миле Стојанов,
Владимир Поповски,
м-р Мухамед Каба,
Панче Мартиновски,
Петар Карајанов,
Ристо Ристески,
Стефка Меловска,
Стоил Станојковски,
Славка Георгиева — Андреевиќ и
Тахир Кадриу.

II

За претставници на општествената заедница во Универзитетското собрание на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје се именуваат:

1. Методи Антов, член на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ,
2. Бурхан Адеми, секретар на Претседателството на Републичката конференција на ССРНМ,
3. Стеван Георгиевски, член на Претседателството на Централниот комитет на СКМ,
4. Јован Ганчев, член на Извршниот совет и секретар на општествени служби на општината Неготино,

5. Љупчо Гајдарџиски, директор на РО „Електромакедонија“ — Скопје,
6. Стојан Димовски, генерален директор на Радио-телевизија Скопје,
7. Орести Димовски, претседател на Извршниот совет на Собранието на општина Центар — Скопје,
8. Перо Манов, инж. технолог, пом. директор на Инженеринг развој ИРИ при „Охис“ — Скопје,
9. Елена Ѓурковиќ, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ,
10. Васил Костојчиновски, член на Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија,
11. Јово Камберски, член на Советот на Републиката,
12. д-р Александар Маневски, директор на Републичкиот завод за статистика,
13. Панче Михајлов, директор на НИП „Нова Македонија“ — Скопје,
14. Драган Николовски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,
15. Јован Андонов, заменик генерален директор на Рудници и железарница „Скопје“,
16. Јованче Перчуклиовски, секретар на Самоуправната интересна заедница за вработување на град Скопје,
17. Павле Рибарски, директор на Службата за кадри во Металскиот завод „Тито“ — Скопје,
18. Александар Спасовски, секретар на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија,
19. Абедин Ќафјани, потпретседател на Собранието на општина Тетово и
20. Рамо Шукри, функционер во Собранието на СРМ.

III

Од редот на именуваните претставници на општествената заедница во Универзитетското собрание на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје, се именуваат претставници во Универзитетскиот совет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје:

— Методи Антов, член на Делегацијата на Собранието на СР Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ,
— Бурхан Адеми, секретар на Претседателството на Републичката конференција на ССРНМ,
— Стеван Георгиевски, член на Претседателството на Централниот комитет на СКМ,
— Стојан Димовски, генерален директор на Радио-телевизија Скопје,
— Елена Ѓурковиќ, член на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија,
— д-р Александар Маневски, директор на Републичкиот завод за статистика,
— Панче Михајлов, директор на НИП „Нова Македонија“ — Скопје,
— Јован Андонов, заменик генерален директор на Рудници и железарница „Скопје“,
— Александар Спасовски, секретар на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија и
— Рамо Шукри, функционер во Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2577
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**605.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование и член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“, бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА — ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИ НАУКИ ВО СКОПЈЕ

Се разрешува претставникот на општествената заедница во Советот на работната организација — Факултет за философско-историски науки

Мире Блажевски, поради истекот на времето за кое е именуван.

За претставник на општествената заедница во Советот на работната организација — Факултет за филозофско-историски науки во Скопје се именува

Јелена Горачинова, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 08-2579
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**606.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование и член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“, бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА КАДРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА ВО СКОПЈЕ

За претставници на општествената заедница во Советот на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита во Скопје се именуваат:

— Ристо Петков, претседател на Комисијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита на Претседателството на Републичката конференција на ССММ и
— Димитар Јосифовски, претседател на Советот на синдикатите на општина Центар — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 08-2586
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**607.**

Врз основа на член 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на научните дејности („Службен весник на СРМ“, бр. 9/78), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО, СТАНБЕНО-КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ, ИНДУСТРИЈАТА НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ, СООБРАЌАЈОТ И ВРСКИТЕ И СООДВЕТНИТЕ ТРГОВСКИ ДЕЈНОСТИ**

Се потврдува Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во градежништвото, станбено-комуналните дејности, индустријата на градежни материјали, сообраќајот и врските и соодветните трговски дејности — Скопје, што ја донесе Собранието на Заедницата на седницата одржана на 25 јуни 1981 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2560
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

**608.**

Врз основа на член 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на научните дејности („Службен весник на СРМ“, бр. 9/78), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО ХЕМИСКАТА, ТЕКСТИЛНАТА, КОЖАРСКАТА И ГУМАРСКАТА ИНДУСТРИЈА, ИНДУСТРИЈАТА ЗА ЦЕЛУЛОЗА И ХАРТИЈА И СООДВЕТНИТЕ ДЕЈНОСТИ**

Се потврдува Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во хемиската, текстилната, кожарската и гумарската индустрија, индустријата за целулоза и хартија и соодветните дејности — Скопје, што ја донесе Собранието на Заедницата на седницата одржана на 26 јуни 1981 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2559
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

**609.**

Врз основа на член 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на научните дејности („Службен весник на СРМ“, бр. 9/78), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ВОДОСТОПАНСТВОТО, ПРЕРАБОТКАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И СТОЧАРСКИ ПРОИЗВОДИ, ШУМАРСТВОТО, ПРЕРАБОТКАТА НА ДРВО И СООДВЕТНИТЕ ТРГОВСКИ ДЕЈНОСТИ**

Се потврдува Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во земјоделството, водостопанството, преработката на земјоделски и сточарски производи, шумарството, преработката на дрво и соодветните трговски дејности — Скопје, што ја донесе Собранието на Заедницата на седницата одржана на 16 јуни 1981 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2558
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**610.**

Врз основа на член 117 став 2 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“, бр. 15/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 септември 1982 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор, одржана на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПАТИШТА

Се потврдува Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, што го донесе Собранието на Заедницата на седницата одржана на 29 јуни 1982 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2564
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

**611.**

Врз основа на член 117 став 2 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“, бр. 15/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 септември 1982 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор, одржана на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИЧКА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПАТИШТА

Се потврдува Самоуправната спогодба за здружување во Републичка самоуправна интересна заедница за патишта, што ја донесе Собранието на Заедницата на седницата одржана на 29 јуни 1982 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2565
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**612.**

Врз основа на член 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на научните дејности („Службен весник на СРМ“, бр. 9/78), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО РУДАРСТВОТО, ЦРНАТА И ОБОЕНАТА МЕТАЛУРГИЈА, МЕТАЛНАТА ИНДУСТРИЈА, НЕМЕТАЛИТЕ, ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВОТО, ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈАТА И СООДВЕТНИТЕ ТРГОВСКИ ДЕЈНОСТИ

Се потврдува Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во рударството, црната и обоената металургија, металната индустрија, неметалите, електростопанството, електроиндустријата и соодветните трговски дејности — Скопје, што ја донесе Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 15 јуни 1981 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2557
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

**613.**

Врз основа на член 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на научните дејности („Службен весник на СРМ“, бр. 9/78), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО ФАРМАЦЕВТСКАТА И КОЗМЕТИЧКАТА ИНДУСТРИЈА, ЗДРАВСТВОТО И СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И СООДВЕТНИТЕ ТРГОВСКИ ДЕЈНОСТИ

Се потврдува Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во фармацевтската и козметичката индустрија, здравството и социјалната заштита и соодветните тргов-

ски дејности — Скопје, што ја донесе Собранието на Заедницата на седницата одржана на 19 јуни 1981 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2561
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

**614.**

Врз основа на член 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на научните дејности („Службен весник на СРМ", бр. 9/78), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Се потврдува Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општата самоуправна интересна заедница на научните дејности — Скопје, што ја донесе Собранието на Заедницата на седницата одржана на 22 јуни 1981 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2562
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

**615.**

Врз основа на член 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на научните дејности („Службен весник на СРМ", бр. 9/78), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Се потврдува Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Републичката заедница на научните дејности — Скопје, што ја донесе Собранието на Заедницата на седницата одржана на 23 јуни 1981 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2563
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

**616.**

Врз основа на член 18 ставови 1 и 2 од Законот за сценско-уметничката дејност („Службен весник на СРМ", бр. 41/73), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА — СКОПЈЕ

Се дава согласност на Статутот на Работната организација Македонска филхармонија — Скопје, на одредбите кои се однесуваат на работите од посебен општествен интерес и на учеството на претставниците на општествената заедница во одлучувањето по тие работи, што го донесоа работниците на Работната организација Македонска филхармонија — Скопје на референдумот одржан на 8 декември 1978 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2567
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

**617.**

Врз основа на член 15 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ", бр. 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ СО Ц. О. — СКОПЈЕ

Се дава согласност на Статутот на Факултетот за ликовни уметности со Ц. О. — Скопје, во делот со кој се уредува режимот на запишување

на студии и учество на студентите и претставниците на општествената заедница во самоуправувањето, што го донесоа работниците на референдумот одржан на 8 април 1982 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2566
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**618.**

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за системот на цените и за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ", бр. 33/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА РАБОТИТЕ НА ЦЕНИТЕ — СКОПЈЕ

Се потврдува Статутот на Републичката заедница за работите на цените — Скопје, што го донесе Советот на Републичката заедница за работите на цените на седницата одржана на 30 јануари 1981 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2568
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**619.**

Врз основа на член 4 став 2 од Законот за пренесување на средства на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството врз организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" бр. 9/74, 20/74, 25/76, 15/77, 42/77, 17/78, 41/78, 13/80, 6/81, 20/81 и 38/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 28 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИКАТА НАМЕНЕТИ ЗА МЛАДИНСКИТЕ РАБОТНИ АКЦИИ ВО 1982 ГОДИНА

Се одобрува Програмата за користење на средствата на Републиката наменети за младинските работни акции во 1982 година што ја донесе Претседателството на Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија на седницата одржана на 6 јуни 1982 година.

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 28-2621
28 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

**620.**

Врз основа на член 84 став 4 од Законот за Извршниот совет на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОДБОР ЗА МЕЃУНАРОДНАТА ГОДИНА НА СТАРЕЕЊЕТО

За претседател и членови на Републичкиот одбор за меѓународната година на стареењето се именуваат:

а) за претседател

— Цвета Филиповска, потсекретар во Републичкиот комитет за здравство и социјална политика;

б) за членови

— Блажо Атанасов, студент — претседател на Претседателството на Универзитетската конференција на ССММ;

— Владо Богдановски, помошник на секретарот на Собранието на СИЗ на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија;

— Деспот Буцевски, советник во Републичкиот комитет за труд;

— Димче Димитриевски, член на Претседателството на СЗБ од НОВ на Македонија;

— Слободанка Костовска, вработена во Домот за згрижување на стари и изнемоштени лица во Ѓорче Петров;

— Перо Лазовски, член на Претседателството на Општинското здружение на пензионерите на општината „Карпош" — Скопје;

— Милица Милиќ, социјален работник во Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности;

— д-р Раде Петровски, редовен професор на Вишата школа за социјална работници во Скопје;

— д-р Иван Тулевски, делегат во Собранието на РСИЗ на здравството и здравственото осигурување;

— д-р Ванчо Чипес, делегат во Собранието на Црвениот крст на Македонија;

— Љубица Чонева, претседател на Собранието на Републичката СИЗ за социјална заштита;

— Аница Џаџу, претседател на Конференцијата за општествена активност на жените на Македонија.

Бр. 2099/1
21 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**621.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за библиотекарската дејност („Службен весник на СРМ" бр. 17/74), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА НАРОДНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ**

За директор на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" во Скопје се именува Димитар Солев, досегашен директор на Библиотеката.

Бр. 2098/1
21 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**622.**

Врз основа на член 280 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ВТОРОСТЕПЕНАТА ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА ПРИ ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА**

За член на Второстепената дисциплинска комисија при Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Јорго Хаџи Стерјо, потсекретар во Републичкиот секретаријат за правосудство.

Бр. 17-2097/1
21 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**623.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АРХИВОТ НА МАКЕДОНИЈА**

Трајко Зајковски, советник на директорот на Архивот на Македонија, повторно се назначува на истата должност.

Бр. 17-2096/1
21 октомври 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

**297.**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на СРМ", бр. 13/78) и член 17 став 1 алинеја 14 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница на вработувањето, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за вработување, на седницата одржана на 25 октомври 1982 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ ПРИДОНЕС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА РАБОТНИЦИТЕ НА ПРИВРЕМЕНА РАБОТА ВО СТРАНСТВО**

I

Точката II од Одлуката за утврдување на основицата за пресметување и плаќање придонес за вработување за работниците на привремена работа во странство („Службен весник на СРМ", бр. 13/79) се менува и гласи:

„За пресметување и плаќање на придонесот за привремено вработените во странство, се определуваат основици по постојани месечни нето износи и тоа:

1. износ од 7.600 динари месечно за лицата со завршена висока стручна подготовка;

2. износ од 7.100 динари за висококвалификувани работници и лица со виша стручна подготовка;

3. износ од 6.500 динари месечно за работниците со средна стручна подготовка и квалификувани работници;

4. износ од 6.100 динари месечно за работници со непотполна стручна подготовка и полуквалификувани (приучени) работници;

5. износ од 5.650 динари за неквалификувани работници".

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 ноември 1982 година.

Бр. 02-1033
26 октомври 1982 година
Скопје

Претседател,
**Виолета Јосифова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

**298.**

Врз основа на член 11, а согласно член 55 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за воспитание и образование на општина Гази Баба и Информацијата за остварените приходи на СИЗ за првите шест месеци од 1982 година, Собранието на Самоуправната интересна заедница за воспитание и образование на општината Гази Баба, на III-та седница одржана на 15 октомври 1982 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРИВРЕМЕНО НАМАЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА — СКОПЈЕ ВО 1982 ГОДИНА**

Член 1

Стапката на придонесите од личен доход од работен однос за задоволување на потребите и интересите во областа на основното воспитание и

образование на подрачјето на општината Гази Баба — Скопје во периодот октомври-декември 1982 година се намалува од 4,60% на 3,20%.

Висината на останатите стапки останува иста.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 октомври 1982 година до 31 декември 1982 и ќе се објави во „Службен весник на СРМ", „Службен гласник на град Скопје" и во „Информативниот билтен на СИЗ за воспитание и образование на град Скопје".

Бр. 08-44
22 октомври 1982 година
Скопје

Претседател,
**Здравко Глигоровски,** с. р.

**299.**

Врз основа на член 11, а согласно член 55 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за воспитание и образование на општина Кисела Вода — Скопје и Информацијата за остварените приходи на СИЗ за првите шест месеци од 1982 година, Собранието на Самоуправната интересна заедница за воспитание и образование на општината Кисела Вода — Скопје, на III-та седница одржана на 15 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРИВРЕМЕНО НАМАЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА КИСЕЛА ВОДА — СКОПЈЕ ВО 1982 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите од личен доход од работен однос за задоволување на потребите и интересите во областа на основното воспитание и образование на подрачјето на општината Кисела Вода — Скопје во периодот октомври-декември 1982 година се намалува од 4,60% на 3,20%.

Висината на останатите стапки останува иста.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 октомври 1982 година до 31 декември 1982 и ќе се објави во „Службен весник на СРМ", „Службен гласник на град Скопје" и во „Информативниот билтен на СИЗ за воспитание и образование на град Скопје".

Бр. 08-76
21 октомври 1982 година
Скопје

Претседател,
**Надежда Топалоска,** с. р.

**300.**

Врз основа на член 11, а согласно член 55 (54) од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за воспитание и образование на општина Центар — Скопје и Информацијата за остварените приходи на СИЗ за првите шест месеци од 1982 година, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за воспитание и образование на општината Центар — Скопје, на III-та седница одржана на 18 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРИВРЕМЕНО НАМАЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ЦЕНТАР — СКОПЈЕ ВО 1982 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесите од личен доход од работен однос за задоволување на потребите и интересите во областа на основното воспитание и образование на подрачјето на општината Центар — Скопје во периодот октомври-декември 1982 година се намалува од 4,60% на 3,20%.

Висината на останатите стапки останува иста.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 октомври до 31 декември 1982 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ", „Службен гласник на град Скопје" и во „Информативниот билтен на СИЗ за воспитание и образование на град Скопје".

Бр. 08-63
25 октомври 1982 година
Скопје

Претседател,
**Радмила Ѓорѓиева,** с. р.

**301.**

Врз основа на член 11, а согласно член 55 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за воспитание и образование на општина Чаир и Информацијата за остварените приходи на СИЗ за првите шест месеци од 1982 година, Собранието на Самоуправната интересна заедница за воспитание и образование на општината Чаир — Скопје, на III-та седница одржана на 14 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРИВРЕМЕНО НАМАЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ЧАИР — СКОПЈЕ ВО 1982 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесите од личен доход од работен однос за задоволување на потребите и интересите во областа на основното воспитание и образование на подрачјето на општината Чаир — Скопје во периодот октомври-декември 1982 година се намалува од 4,60% на 3,20%.

Висината на останатите стапки останува иста.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 октомври 1982 до 31 декември 1982 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ", „Службен гласник на град Скопје" и во „Информативниот билтен на СИЗ за воспитание и образование на град Скопје".

Бр. 08-52
22 октомври 1982 година
Скопје

Претседател,
**Мирка Пандова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — РАДОВИШ

**302.**

Врз основа на член 22 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на културата — Радовиш, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 21 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ОД СТРАНА НА СТОПАНСКИТЕ И НЕСТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1. X. ДО 31. XII. 1982 ГОДИНА

Член 1

Се донесува одлука за ослободување од плаќање на придонес од страна на организациите, кој доаѓаше како приход на СИЗ на културата — Радовиш и Републичката заедница на културата — Скопје и тоа:

— од доходот на стопанството, 0,60% и

— од бруто личен доход од нестопанските организации, 0,60%.

Член 2

Организациите се ослободуваат од плаќање на придонес за периодот од 1 октомври 1982 година до 31 декември 1982 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 октомври до 31 декември 1982 година.

Бр. 111
21 октомври 1982 година
Радовиш

Претседател,
**П. Стефанова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ДЕБАР

**303.**

Врз основа на член 9, 24 и 25 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 199 и 200 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, на седницата одржана на 25 октомври 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА ЗА УПЛАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ДЕБАР ЗА МЕСЕЦИТЕ ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ И ДЕКЕМВРИ 1982 ГОДИНА

Член 1

Обврзниците за пресметување и уплата на придонесот за здравството и здравственото осигурување на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, се ослободуваат од обврската за уплата на претсметковниот придонес од доходот и личниот доход на вработените за месеците октомври, ноември и декември 1982 година.

Член 2

Ослободувањето од обврската од претходниот член се однесува за организациите на здружен труд од областа на стопанството и нестопанството распоредени по дејности од шифра 0101 до заклучно 1400, освен придонесот што се уплатува од страна на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за пензиите и инвалиднините, СИЗ за вработување за невработените лица, обврзниците што со својот труд и средства во сопственост вршат занаетчиска и друга дејност, вработените кај приватните работодавци и договорените осигуреници.

Член 3

Службата на општественото книговодство ќе се грижи за правилно спроведување на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 08-2387
25 октомври 1982 година
Дебар

Претседател,
**Алили д-р Фитим,** с. р.

## СОДРЖИНА

Страна

585. Закон за издвојување на дел од доходот што е резултат на исклучителни погодности на пазарот во основните организации на здружениот труд од електростопанството — — — — — — — — 761
586. Закон за дополнување на Законот за електростопанството — — — — — 762
587. Одлука за разрешување и именување членови на Републичката комисија за културни врски со странство — — — 762
588. Одлука за избор на претседател на Окружниот суд во Битола — — — — 762
589. Одлука за разрешување и избор на судија на Окружниот суд во Штип — — 763
590. Одлука за именување заменик на окружниот јавен обвинител во Скопје — — 763
591. Одлука за именување на вицегувернер на Народната банка на Македонија — 763
592. Одлука за именување републички советник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — 763
593. Одлука за разрешување републички советник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — 763
594. Одлука за именување заменик генерален директор на Службата на општественото книговодство во СР Македонија — — 763
595. Одлука за разрешување и именување претставници на Собранието на СРМ во Советот за лотарија — — — — — 764
596. Одлука за именување претставници на општествената заедница во конкурсните комисии за изготвување предлог за избор на декан и продекан на високообразовни организации — — — — — 764
597. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет во Скопје — 764
598. Одлука за давање согласност на Одлуката на Собирот на работните луѓе на ОЗТ Национален парк „Галичица" — Охрид за именување управник на Националниот парк „Галичица" — Охрид 765
599. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Универзитетскиот центар за математичко-технички науки и во советите на основните организации на Центарот — — — — — — — — 765
600. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Универзитетскиот центар за биолошки и биотехнички науки во Скопје — — — — — — 766
601. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ „Институт за сточарство во Скопје — — — — — 766
602. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Факултетот за ликовна уметност во Скопје — — — — — 767

603. Одлука за разрешување и именување претставник на општествената заедница во Советот на Факултетот за музичка и драмска уметност во Скопје — — — 767
604. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Универзитетското собрание и Универзитетскиот совет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје — — — 767
605. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Работната организација Факултет за филозофско-историски науки во Скопје — — — — — — — 768
606. Одлука за именување претставници на општествената заедница во Советот на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита во Скопје — — — — — — — — 768
607. Одлука за потврдување на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во градежништвото, станбено-комуналните дејности, индустријата на градежни материјали, сообраќајот и врските и соодветните трговски дејности — — — — 769
608. Одлука за потврдување на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во хемиската, текстилната, кожарската и гумарската индустрија, индустријата за целулоза и хартија и соодветните дејности — — 769
609. Одлука за потврдување на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во земјоделството, водостопанството, преработката на земјоделски и сточарски производи, шумарството, преработката на дрво и соодветните трговски дејности — — — 769
610. Одлука за потврдување на Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта — — — — — 770
611. Одлука за потврдување на Самоуправната спогодба за здружување во Републичка самоуправна интересна заедница за патишта — — — — — — — — — 770
612. Одлука за потврдување на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во рударството, црната и обоената металургија, металната индустрија, неметалите, електростопанството, електроиндустријата и соодветните трговски дејности — 770
613. Одлука за потврдување на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во фармацевтската и козметичката индустрија, здравството и социјалната заштита и соодветните трговски дејности — — — 770
614. Одлука за потврдување на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општата самоуправна интересна заедница на научните дејности — — — — — — — — — 771
615. Одлука за потврдување на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Републичката заедница на научните дејности — — — — — — 771
616. Одлука за давање согласност на Статутот на Работната организација Македонска филхармонија — Скопје — — — 771
617. Одлука за давање согласност на Статутот на Факултетот за ликовни уметности со Ц. О. — Скопје — — — — — — 771
618. Одлука за потврдување на Статутот на Републичката заедница за работите на цените — Скопје — — — — — — 772
619. Одлука за одобрување на Програмата за користење на средствата на Републиката наменети за младинските работни акции во 1982 година — — — — — 772
620. Решение за именување претседател и членови на Републичкиот одбор за меѓународната година на стареењето — — 772
621. Решение за именување директор на Народната и Универзитетска библиотека „Климент Охридски“ во Скопје — — 773
622. Решение за именување член на второстепената дисциплинска комисија при Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — 773
623. Решение за повторно назначување советник на директорот на Архивот на Македонија — — — — — — — — 773

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

297. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на основицата за пресметување и плаќање придонес за вработување за работниците на привремена работа во странство — — 773
298. Одлука за привремено намалување висината на стапките на придонесот од личниот доход од работен однос за задоволување на потребите и интересите во областа на основното воспитание и образование на подрачјето на општината Гази Баба — Скопје во 1982 година — 773
299. Одлука за привремено намалување висината на стапките на придонесите од личниот доход од работен однос за задоволување на потребите и интересите во областа на основното воспитание и образование на подрачјето на општината Кисела Вода — Скопје во 1982 година — 774
300. Одлука за привремено намалување висината на стапките на придонесите од личниот доход од работен однос за задоволување на потребите и интересите во областа на основното воспитание и образование на подрачјето на општината Центар — Скопје во 1982 година — — 774
301. Одлука за привремено намалување висината на стапките на придонесите од личниот доход од работен однос за задоволување на потребите и интересите во областа на основното воспитание и образование на подрачјето на општината Чаир — Скопје во 1982 година — — — 774

РАДОВИШ

302. Одлука за ослободување од плаќање на придонес од страна на стопанските и нестопанските организации за периодот од 1. X. до 31. XII. 1982 година — — 775

ДЕБАР

303. Одлука за ослободување од обврската за уплата на придонесот за здравството и здравственото осигурување на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар за месеците октомври, ноември и декември 1982 година — — — — — — — — — 775

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10-а. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печати Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**